УНИВЕРЗИТЕТ У НИШУ
УЧИТЕЉСКИ ФАКУЛТЕТ У ВРАЊУ

# КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ
## И ЊЕНА УЛОГА У ВАСПИТАЊУ И ОБРАЗОВАЊУ ДЕЦЕ ШКОЛСКОГ УЗРАСТА

ТЕМАТСКИ ЗБОРНИК

УЧИТЕЉСКИ ФАКУЛТЕТ ВРАЊЕ

УНИВЕРЗИТЕТ У НИШУ
УЧИТЕЉСКИ ФАКУЛТЕТ У ВРАЊУ

# КЊИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦУ И ЊЕНА УЛОГА У ВАСПИТАЊУ И ОБРАЗОВАЊУ ДЕЦЕ ШКОЛСКОГ УЗРАСТА

- Тематски зборник -

Врање, 2013.

*За издавача*
Проф. др Стојан Ценић

*Главни и одговорни уредник*
Проф. др Сунчица Денић

*Редакција*
Проф. др Стана Смиљковић
Проф. др Тихомир Петровић
Доц. др Олена Устименко Косорич
Проф. др Миомир Милинковић
Проф. др Благица Златковић
Проф. др Жарко Требјешанин
Доц. др Буба Стојановић
Доц. др Христо Бонџолов
Проф. др Сунчица Денић

*Апстракте превели*
Проф. др Стојче Богдановић
Мс Данијела Мишић
Биљана Додић

*Лектори*
Мс Драгана Томић
Јелена Јовановић

*Рецензенти*
Проф. др Александар Јовановић
Проф. др Јован Љуштановић
Проф. др Мито Спасевски

## САДРЖАЈ


Проф. др Стојан Ценић
*Поздравна реч* ........ 9

## I СЕСИЈА

Проф. др Стана Смиљковић
*Поетичност и симболи у бајкама* ........ 13

Проф. др Слободан Ж. Марковић
*Човеколика фантастика – битна особина поетског света за децу Десанке Максимовић* ........ 20

Проф. др Жарко Требјешанин
*Педагошка вредност бајки – мишљење родитеља колико и зашто савремена деца воле бајке* ........ 28

Доц. др Махмут Челик, доц. др Јованка Денкова
*Критичко-есеистички осврт врз делата на Шукри Рамо* ........ 39

Проф. др Миомир Милинковић
*Рефлекси мита и предања у бајковитим формама за децу* ........ 45

Проф. др Сунчица Денић
*Виши смисао контрастног у поезији за децу Драгомира Ђорђевића* .... 57

Др Милутин Ђуричковић
*Митолошка основа у роману „Пустолови са Гардоша" Миленка Матицког* ........ 65

Проф. др Србољуб Ђорђевић
*Улога књижевности за децу у неговању говора деце млађег школског узраста* ........ 73

Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска
*Влијанието на енциклопедиите за деца врз оформувањето на јазичниот израз кај децата од раната училишна возраст* ........ 88

Проф. д-р Билјана Маленко
*Карактеристиките на објектот во писмените работи на децата од училишна возраст* ........ 106

Проф. д-р Блаже Китанов
*Прича „Силјан Штркот" Марка Цепенкова – парабола људске и македонске судбине* ........ 119

Проф. др Благица Златковић
*Навике читања, преференције и начин избора књижевних текстова ученика нижих разреда основне школе* ........ 124

Проф. др Љубивоје Стојановић
*Васпитно-образовни значај библијске приче о Јосифу и његовој браћи у настави основне школе* ... 139

Доц. др Ванче Бојков, доц. др Јанка Тоцева
*Прва читанка – први сусрет са литературом за децу (читанке у бугарској школи и читанке бугарске мањине у Србији)* ... 154

Доц. др Надежда Стојковић, др Слађана Живковић
*„Гуливерова путовања" – метафоре односа света одраслих и деце* .. 171

Доц. др Нела Малиновић-Јовановић, мс Милица Милојевић
*Прича и мотивација при изграђивању и формирању почетних математичких појмова* ... 176

Доц. д-р Христо Петрески
*Некои нови авторски бајки* ... 189

Мр Марија Славковић-Илић
*„Кратковечна" Десанке Максимовић у светлу класичних књижевних теорија или поетика исказана сликама* ... 196

Мс Драгана Томић
*Фреквенцијски речник именица у књижевним делима за децу школског узраста* ... 209

Јелена Јовановић
*„Камена шума" у песништву за децу* ... 226

Даница Коцевска
*Мотиви у књижевном делу за децу – од поетских слика до животних ставова* ... 238

## II СЕСИЈА

Проф. др Тихомир Петровић
*Књижевност за децу у светлу науке о књижевности* ... 255

Доц. др Олена Устименко-Косорич
*уметност – као систем естетског образовања ученика (на примеру књижевности, музике и синтетичких видова уметности)* ... 268

Проф. др Радмила Николић
*Нека питања остваривања васпитне улоге школе* ... 277

Проф. др Зона Мркаљ
*Методолошке основе за проучавање лика хероја у бајкама намењеним млађем школском узрасту* ... 286

Доц. др Зорана Опачић
*Идеологија и књижевност у дечјој периодици половине XX века* ... 295

Др Јован М. Љуштановић
*Средњовековни књижевни подтекст у приповеци „Златно јагње“ Светлане Велмар-Јанковић* ........ 309

Проф. д-р Виолета Димова
*Естетиката на комуникацијата и литературата за деца* ........ 323

Доц. д-р Јованка Денкова, доц. д-р Махмут Челик
*Митолошките елементи во македонската научно-фантастична книжевност за деца и млади* ........ 331

Проф. др Зоран Ст. Момчиловић
*Незаобилазни дечји писац Будимир Нешић* ........ 339

Доц. др Буба Стојановић
*Васпитне вредности текстова у читанкама за млађе разреде основне школе* ........ 351

Др Зорица Цветановић
*Басне као програмски и читаначки текстови у млађим разредима основне школе* ........ 362

Доц. др Милена Богдановић
*Књижевни текст и савремена информационо комуникациона технологија* ........ 376

Асс. м-р Ирена Китанова
*Васпитно дејство бајке код деце предшколског и школског узраста* .. 389

Мр Миодраг Б. Павловић
*Васпитне вредности узорних ликова у прозним делима из школског програма* ........ 394

Доц. мр Јелена Вучковски, доц. мр Весна Здравковић
*Песма за децу у функцији развоја музичких способности* ........ 403

Предраг Јовановић
*Развијање естетског осећања код ученика у проучавању књижевног дела* ........ 412

Мс Данијела Мишић
*Улога превода енглеских романа у размени културних вредности* ...... 419

Ивана Тасић-Митић
*Улога бајке као књижевне врсте у формирању психо-социјалних модела понашања ученика* ........ 426

Мс Александар Стојадиновић, доц. мр Весна Здравковић
*Интегративна компонента песме за децу у настави музичке културе и српског језика* ........ 433

Мр Драгана Гавриловић-Обрадовић
*Поетика Мирослава Антића – опште одлике* ........ 444

Мр Милена Стојановић-Стошић
*Значај ликовне интерпретације лектире за I и II разред основне школе*.......... 450

Мр Елизабета М. Каралић
*Васпитна и образовна улога путописа „Кроз поларну област" Михаила Петровића Аласа*.......... 457

Проф. др Зоран Момчиловић
*Симболика бајке „О зеленој змији и лепој Љиљани"*.......... 467

Одржавање научног скупа *Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце школског узраста* на Учитељском факултету у Врању 23. 11. 2012. године други је део активности интерног пројекта „Књижевност за децу и њена улога у васпитању деце".

Доц. др Махмут ЧЕЛИК
Доц. др Јованка ДЕНКОВА
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

# КРИТИЧКО-ЕСЕИСТИЧКИ ОСВРТ ВРЗ ДЕЛАТА НА ШУКРИ РАМО

**Резиме:** *Во оваа студија даваме критичко-есеистички осврт врз раскажите за деца на Шукри Рамо. Треба да се нагласи дека Шукри Рамо е писател на првата повоена генерација Турски писатели во Република Македонија, кој во повеќето свои раскази уметничкиот израз свесно го жртвува за сметка на идејноста по секоја цена, водејќи се од крутата мисла дека особено литературата за деца, треба да воспитува во духот на братството и единството, што беше доминантна идејна ориентација, посебно во периодот од првата деценија на Титова Југославија. Настаните во неговите дела се компонирани во рамките на одделни вистини. Најчесто тоа се застарени и надживеани односи, обичаи и навики, над кои авторот се сожалува, но постојат и некои обичаи кон кои Рамо се однесува со посебна почит и респект.*

**Клучни зборови:** *раскази, деца, војна, братсво и единство.*

За Шукри Рамо ќе нагласимеме дека е писател кој ѝ припаѓа на првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија, кој во повеќето свои раскази, уметничкиот израз свесно го жртвува за сметка на идејноста по секоја цена, водејќи се од крутата мисла дека особено литературата за деца, треба да воспитува во духот на братството и единството, што беше доминантна идејна ориентација, посебно во периодот од првата деценија на Титова Југославија.

Да направиме еден критичко-есеистичкиот осврт за расказите на Шукри Рамо, на неговите раскази за деца.

Во нив темите се вртат околу Втората Светска Војна, а просторот во кој се одвиваат настаните се селата на Плачковица, населени со турски номадски племиња Јуруци.

Искажувањето на основната идеја авторот го прави спонатано, ненаметливо и без некаков однапред одреден план на дејството и градењето на ликовите. Основната идеја на повеќето настани е љубовта спрема татковината, така што сите фабули, односно содржини оваа љубов ја имаат како свој стожер. Тука се, главно ликовите на дедовци, за кои авторот негува посебна љубов, а потоа синовите и внуците.

Логично, кон истата љубов се надоврзува и љубовта спрема природата. Кај Шукри Рамо секогаш постојат добри и лоши луѓе, при што, задолжително победуваат добрите.

Настаните се компонирани во рамките на одделни вистини за селото. Најчесто тоа се застарени и надживеани односи, обичаи и навики, за кои авторот жали, но постојат и некоои обичаи кон кои Рамо се однесува со посебна почит и респект. Рамо ја потенцира издржливоста и истрајноста на своите јунаци пред тешкотиите и суровата реалност на животот. Авторот особено внимание обрнува на солидарноста и разбирањето што владее кај неговите планинци спрема нивните соседи и соселани. И покрај тешките животни услови и природната стихија, овие луѓе наоѓаат сили да истраат на својот камен и сонце. И покрај владеење на назадни сфаќања кај овие луѓе, особено во врска со разни болести, иако бавно, сепак, расте вербата во медицината и нејзината лечебна моќ.

Рамо добро го познава менталитетот на своите јунаци-планинци и убавината на животот во природа, односно в планина. Затоа, неговите слики од селскиот живот делуваат убедливо и сигурно, и покрај недостигот на некаква поцврста градба на ликовите и настаните. Иако неговите раскази, главно, се одвиваат во заостанати селски средини, авторот има позитивен и човекољубив став и однос кон луѓето и животот воопшто, што беше карактеристика и на Рамо како човек до крајот на неговиот живот. Меѓу јунаците на Рамо владеат морални норми на однесување, својства присутни и во поширока општествена смисла. Битни обележја на селскиот живот се здрави, добродушни, гостољубиви, вечно насмеани луѓе, кои, и покрај големата сиромаштија, не го губат животниот оптимизам. Повеќето ликови имаат сродни карактерни особини, барем спрема описот на нивниот автор. Рамо брзо и најчесто, низ надворешни ознаки ја претставува етичката особеност на своите јунаци, нивните однесувања кон други луѓе, нивните морални ставови и вредности, при што овие луѓе само на прв поглед се пасивни, заостанати, конзервативни, иако преку чесноста и гостопримството успеваат да го покажат своето духовно богатство и гордост. Кон истите достоинства се приклучува и нивниот едноставен однос кон животот и моралот воопшто.

Недостигот на поцврста естетска градба на своите ликови и атмосфера, Рамо ја надополнува со својата топлина и искреност во изразот, а и преку едноставниот и јасен јазик, со што се одликуваат неговите јунаци, така што, сè заедно, помага за искрено прифаќање, доживување и споделување на страдањата, но и ретките мигови на среќа на планинците, кои, за жал, повеќе се прикажани низ нивните надворешни, а не внатрешни (психолошки) описи.

Сепак, и покрај набележаните и други неотпорности, Рамо успева да ја изрази и упати својата животворна порака до младите читатели - да бидат добри, чесни и истрајни во животот, какви се и неговите јунаци, чиишто потомци сè уште истрајуваат на падините на планината Плачковица, над Штип и Радовиш.

Илхами Емин во својот критичко-есеистички приказ на расказите за деца на Шукри Рамо вели:

„Не можам да се ослободам од впечатокот дека Шукри Рамо, дури и тогаш кога неговиот расказ има поцврста прозна фактура, сепак, во својата тежина, останува на нивото на поетското. Тоа во неговите раскази за деца се јавува ту како ненаметлив лирски опус главно на планинските предели, каде што живеат јунаците на Рамо (најчесто припадници на некогашното номадско туркменско племе Јуруци) ту како откривање на спонтаниот, искрен однос и определба на овие луѓе кон нашата Народно-ослободителна борба, односно своето посреќно утре.[1]

Се покажува вистината дека поетот си останува поет дури и тогаш кога она што сака да го соопшти не може да го изрази во стиховен облик. Кај Шукри Рамо поетската основа на расказите, во повеќето случаи, е повод како за позитивни откривања, така и за неотпорности. И можеби извесниот впечаток за фрагментарност што се добива од прочитаните раскази за деца произлегува, секако, од неможноста на поетот да психологизира и развлекува и затоа што секој расказ на некој начин претставува прозно-поетско раскажување во еден здив.

Строгиот критичар, во потрага по класични појдовни рамки во компонирањето на раскази, ќе биде делумно задоволен од конечниот резултат. Па сепак, ако тие се читаат без претходен став во однос на „занаетот“ на раскажувачот, тогаш впечатокот од поголемиот број раскази за деца на Шукри Рамо ќе биде позитивен, но само тогаш ако читателот е отворен и наклонет кон овој вид поетско-расказно обликување на толкуваната содржина.

Типичен пример за тотално поетско-романтичарско повлекување на расказот во водите на лирската егзалтација и патос е расказот „Смртта на поетот“. Во овој расказ, кој не е подолг од неполни 4 страници, се обработуваат настани што може да се сместат во цел еден роман. Но наместо тоа, настаните за време на некои судбоносни мигови од Народно-ослободителната борба Шукри Рамо ги заокружу-

---

[1] Емин Илхами, *Поетското во расказите на Шукри Рамо*, Петнаесстти Рационови Средби (Посебен отпечаток), Велес, 1978.

ва со вметнување на петстиховни целости од по две четиристишија. Ранетиот поет-партизан е еден вид лирски бележник и запишувач на револуционерните настани кој, по изговарање на последните две строфи од својата единствена песна, го завршува и својот живот.

Се обидов да ги побарам раскажувачките инспирации и извори на Шукри Рамо. Тоа е мошне тешко. Се работи за исклучително свој автор, кој токму поради оригиналниот приод, на прв поглед и изгледа несигурен во компонирањето на ликовите и настаните. Ликовите на Шукри Рамо не се и психолошки изнијансирани за да изгледаат до крај убедливи, но тоа воопшто не му пречи на читателот. Љубопитството при читањето овдека се свртува врз други квалитети и особености на авторот, како што се искреноста и директниот приод кон обработеното.

Нешто малку и за јазикот во расказите за деца на Шукри Рамо.

Еден млад поет од турската народност му забележува на писателот Рамо недоволна свртеност кон новиот турски литературен јазик, кој сè повеќе се ослободува од баластот на поранешните арабизми и персизми. Па сепак, токму за јазикот во своите раскази Шукри Рамо доби најубави комплименти од страна на познатиот турски критичар, поет и лингвист Мелих Џевдет Андај, инаку голем поборник за чист литературен јазик. Всушност, се работи за следново: Шукри Рамо, пишувајќи раскази, не се изнасилува да употребува секаде и по секоја цена „чисти народски турски зборови“, туку тежиштето на своето истражување го свртува кон откривање на некои автентични јазички тоналитети, специфични за спомнатиот јуручки етнички состав во нашата земја. Притоа, Рамо открива низа идиомски специфичности, што свежо дејствуваат воопшто во новите истражувања на турскиот јазик, што секако, било и повод за комплиментите искажани од Мелих Џевдет Андај.

Поетското во прозата на Рамо се јавува особено во неговите раскази со родољубива содржина. Во нив поетот својата возвишена врзаност за идеалите на борбата против окупаторот ја издигнува до вистинска поетска егзалтација, како што е тоа случај во расказот „Од пламенот до ѕвездата“, од истоимената последна збирка раскази на овој автор од турската заедница, при што неговиот херој извикнува: „Ќе се борам од пламенот до ѕвездата. Ќе ги напаѓам и облаците! Сè до небото...“[2]

Мошне разнообразното, иако не и обемно творештво на Шукри Рамо, допрва ги очекува своите истражувачи и вреднувачи. Посебно е значајна токму поетската компонента во неговите раскази за

---

[2] Ramo Şükrü, Alevden yıldıza, Birlik yayınları, Üsküp, 1978.

деца, во кои мошне тешко се распознаваат границите на поетското и стандардно прозното.

Што се однесува до читателот од македонското јазичко подрачје, за него Шукри Рамо е недостатно познат како творец. Ретките преводи објавени до сега од неговата поезија во некои македонски списанија и весници само го навестија и творечкиот дел од името на овој познат општественик, кој ја доби и наградата за животно дело „11 Октомври" по повод шеесетгодишнината од животот. Меѓутоа, за Шукри Рамо, како еден од првите творци на литературата на Турската заедница во нашата земја допрва треба да се пишува. Бидејќи, иако со извесно задоцнување, барем поводите околу неговиот јубилеј, наградата „11 Октомври" и истовременото излегување на неколку негови книги поезија и проза на турски јазик, треба да послужат за осветлување на низа аспекти во творечкиот опус на овој автор, кој ова со право го заслужува.

Овој кус обид за истакнување на поетското во неговите прозни остварувања нека биде сфатен само како потсетување за истражувачите на творештвото на Шукри Рамо и воопшто на литературата на Турската заедница во Република Македонија.

## Библиографија


1. Hafız Nimetullah, *Yugoslavya'da yayınlanan Türkçe lektür kitapların bibliografyası*, sayı 13, Sesler, kasım, Üsküp, 1983.
2. Hafız Nimetullah, *Yugoslavya Türk halkı şiirinde devrim*, Birlik yayınları, Üsküp, 1985.
3. Рамо Шукри, *Огин и восхит*, Наша Книга, Скопје, 1983.
4. Ramo Şükrü, *Kır çiçeği*, Sevinç kitapları, Üsküp, 1969.
5. Ramo Şükrü, *Alevden yıldıza*, Birlik yayınları, Üsküp, 1978.
6. Ramo Şükrü, *Yeşik köy*, Birlik yayınları, Üsküp, 1972.
7. Ramo Şükrü, *Güzel günler*, Birlik yayınları, Üsküp, 1972.
8. Ramo Şükrü, *Hoşgeldiniz*, Detska Radost, Üsküp, 1964.
9. Ramo Şükrü, Karahasan M., Zekeriya N., Emin İ., Kata F., Tuzcu E., Mahmut Ş., *Yürü aydınlığa (şiir ve nesir)*, Birlik, Üsküp, 1951.
10. Ramo Şükrü, *Vatan birdir unutma*, Detska Radost, Üsküp, 1958.
11. Ramo Şükrü, *Renkli gülüşler*, Birlik yayınları, Üsküp, 1977.
12. Ramo Şükrü, *Çelenk*, Kultura, Üsküp, 1959.
13. Ramo Şükrü, *Küçük damlalar*, Birlik yayınları, Üsküp, 1983.
14. Ramo Şükrü, *Toprağın sesi*, Birlik yayınları, Üsküp, 1985.
15. Ramo Şükrü, *Sabah yıldızı*, Birlik yayınları, Üsküp, 1987.

Доц. др Махмут ЧЕЛИК
Доц. др Јованка ДЕНКОВА

# КРИТИЧКО ЕСЕИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД РАДОВА ШУКРИЈА РАМА

**Резиме:** *У овој студији критички се разматрају дечје приче Шукрија Рама. Треба напоменути да је Шукри Рамо писац прве послератне генерације турских писаца у Републици Македонији, који у већини својих прича свесно жртвује уметничко у име идејности по сваку цену. вођен крутом мишљу да посебно дечја књижевност треба васпитавати у духу братства и јединства, доминантне идеолошке оријентације током прве деценије Титове Југославије. Догађаји у овим причама су компоновани у оквирима одређених истина. Најчешће су то застарели и преживели односи, обичаји и навике, са којима аутор саосећа, али постоје и неке традиције према којима се Шукри Рамо односи са посебним поштовањем.*

**Кључне речи:** *приче, деца, ратови, братство и јединство.*